Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), Општина Ѓорче Петров, на ден 21.03. 2016 година, донесе

# Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров - Скопје** , кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ ќе има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички план за село Кисела Јабука**, **општина Ѓорче Петров-Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од 26,24, согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот. Влијанијата врз животната средина од реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку урбанистичко-техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Градоначалникот на општина Ѓорче Петров во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-814/1
21.03. 2016
Скопје

Градоначалник на
Општина Ѓорче Петров
Сокол Митровски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ